# Дневна хемеротека за 05.06.2015г.

## МИА - Меѓународниот ден на животната средина

ПЕТОК, 05 ЈУНИ 2015, 10:10:14

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

### Меѓународен ден на животната средина

Препорачај 0

петок, 05 јуни 2015 07:41




**Скопје, 5 јуни 2015 (МИА)** - По повод 5 јуни - Меѓународниот ден на животната средина денеска ќе се одржат повеќе настани со кои ќе се испратат пораки за зачувување на планетата Земја.

Фондацијата „Конрад Аденауер" во соработка со еколошкото здружение „Гоу Грин" организираат конференција на тема „Откријте го вашиот обновлив потенцијал". Целта на конференцијата е кај младите да се стимулира едукација и практично искуство и да се подигне свеста за масовната потрошувачка на ресурсите кои ја движат економијата, но истовремено ја прават неодржлива.

Во рамки на одбележувањето, Град Скопје ќе ги додели наградите за најголем придонес за заштитата во областа на животната средина.

Лајонс клубот „Вардар", пак, ќе го одбележи Светскиот ден на животната средина во Лабораторијата за мотори со внатрешно согорување на Машинскиот факултет каде ќе се одржи беседа на тема „Решенија за потомците", а ученици ќе сликаат и читаат песни за екологијата.

Меѓународниот ден на животната средина годинава Обединетите Нации ја одбележуваат под мотото „Седум билиони сништа, една планета ! Искористувајте ги природните ресоурси со грижа!". бак/вг/**07:30**

## Вечер - [Честит Меѓународен ден на животната средина]

вечер

# Честит Меѓународен ден на животната средина

5 јуни 2015 - 08:48 Like Share 0 Tweet

**По повод 5 јуни - Меѓународниот ден на животната средина денеска ќе се одржат повеќе настани со кои ќе се испратат пораки за зачувување на планетата Земја.**



Фондацијата „Конрад Аденауер" во соработка со еколошкото здружение „Гоу Грин" организираат конференција на тема „Откријте го вашиот обновлив потенцијал". Целта на конференцијата е кај младите да се стимулира едукација и практично искуство и да се подигне свеста за масовната потрошувачка на ресурсите кои ја движат економијата, но истовремено ја прават неодржлива.

Во рамки на одбележувањето, Град Скопје ќе ги додели наградите за најголем придонес за заштитата во областа на животната средина.

Лајонс клубот „Вардар", пак, ќе го одбележи Светскиот ден на животната средина во Лабораторијата за мотори со внатрешно согорување на Машинскиот факултет каде ќе се одржи беседа на тема „Решенија за потомците", а ученици ќе сликаат и читаат песни за екологијата.

Меѓународниот ден на животната средина годинава Обединетите Нации ја одбележуваат под мотото „Седум билиони сништа, една планета ! Искористувајте ги природните ресоурси со грижа!".

## Алсат-М - *Одбележување на Меѓународниот ден на животната средина*

По повод 5 јуни - Меѓународниот ден на животната средина денеска ќе се одржат повеќе настани со кои ќе се испратат пораки за зачувување на планетата Земја. Фондацијата „Конрад Аденауер“ во соработка со еколошкото здружение „Гоу Грин“ организираат ...

## Алфа - *Одбележување на Меѓународниот ден на животната средина*

По повод 5 јуни - Меѓународниот ден на животната средина денеска ќе се одржат повеќе настани со кои ќе се испратат пораки за зачувување на планетата Земја. По повод 5 јуни - Меѓународниот ден на животната средина денеска ќе се одржат повеќе настани ...

## Репортер - *Се одбележува на Меѓународниот ден на животната средина*

Меѓународниот ден на животната средина денеска ќе се одржат повеќе настани со кои ќе се испратат пораки за зачувување на планетата Земја. Фондацијата „Конрад Аденауер“ во соработка со еколошкото здружение „Go Green“ организираат конференција на тема ...

## 24 Вести - *Одбележување на Меѓународниот ден на животната средина*

По повод 5 јуни - Меѓународниот ден на животната средина денеска ќе се одржат повеќе настани со кои ќе се испратат пораки за зачувување на планетата Земја. Фондацијата „Конрад Аденауер“ во соработка со еколошкото здружение „Гоу Грин“ организираат ...

## Нетпрес - *Денеска е Меѓународен ден на животната средина*

По повод 5 јуни – Меѓународниот ден на животната средина денеска ќе се одржат повеќе настани со кои ќе се испратат пораки за зачувување на планетата Земја. Фондацијата „Конрад Аденауер“ во соработка со еколошкото здружение „Гоу Грин“ организираат ...

# МИА – Поддржани 99 проекти од програмата за мали грантови на Глобалниот еколошки фонд

ПЕТОК, 05 ЈУНИ 2015, 10:10:14

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

## Поддржани 99 проекти од Програмата за мали грантови на Глобалниот еколошки фонд

Препорачај 0

четврток, 04 јуни 2015 13:32



**Скопје, 4 јуни 2015 (МИА)** - Програмата за мали грантови на Глобалниот еколошки фонд (ГЕФ ПМГ) во Македонија одбележува 10 години работење во земјава.

Во текот на изминатите 10 години, преку Програмата за мали грантови на Глобалниот еколошки фонд, финансирани се вкупно 99 проектни иницијативи низ целата земја во области како што се зачувувањето на биолошката разновидност, спречувањето и ублажувањето на последиците од климатските промени, намалувањето на емисиите на неразградливи органски загадувачи и заштита на меѓународните води.

Како резултат на овие проекти, во Македонија се заштитени 13 автохтони и глобално значајни видови (овца Праменка, македонска медоносна пчела, крава Буша, воден бивол, жолт локвањ, локален вид на јаболка (циганка) и круша (сулија), лилјаци, македонската речна пастрмка, рибата речен вретенар, кучето шарпланинец, домашната кокошка - сребра, папрат).

Реализирани се неколку проекти од заштитата и управување со глобално значајните области (Кањон Матка, Вевчански извори, Смоларски водопади), потоа промоција на велосипедот како средство за јавен транспорт и формирање на првиот систем за изнајмување велосипеди во Скопје.

Промовирано е и прво производство на биодизел од отпадно растително масло кое се користи 100 проценти во дизел моторите на земјоделските машини во источна Македонија.

Резултати се забележани од проектите за промовирање на енергетска ефикасност и за обновливи извори на енергија во околу 40 едукативни објекти.

Со реализираните проекти, спречено е горење на околу 30 отсто од пластичниот отпад од југоисточна Македонија на тој начин е спречено испуштањето на емисиите на диоксини/фурани во воздухот.

- Оваа годишнина е посебна бидејќи ни дава можност да покажеме како заедниците можат да работат креативно и успешно за да ја заштитат и зачуваат животната средина, вели Луиза Винтон, постојаниот претставник на Програмата за развој на Обединетите нации .

Според неа, добрите национални политики се клучни, но секоја позитивна промена прво се случува на локално ниво.скс/са/**13:32**

# MIA- *Umbështetën 99 projekte nga Programi për grante të vogla të Fondit  ekologjik global*

E PREMTE,  05 QERSHOR 2015, 10:06:27

MIA
AGJENCIA INFORMATIVE E MAQEDONISË

**U mbështetën 99 projekte nga Programi për grante të vogla të Fondit ekologjik global**

Препорачај 0

E enjte, 04 Qershor 2015 14:2



**Shkup, 4 qershor 2015 (MIA)** - Programi për grante të vogla të Fondit ekologjik global (GEF PMG) në Maqedoni shënon 10 vite të punës në vend.

Gjatë 10 viteve të kaluara, përmes Programit për grante të vogla të Fondit ekologjik global, janë financuar gjithsejt 99 nisma të projektuara në mbarë vndin në sfera siç janë ruajtja e llojllojshjmërisë biologjike, parandalimi dhe zbutja e pasojave nga ndryshimet klimatike, ulja e emisioneve të ndotësve të pazbërthyer organik dhe mbrojtja e ujërave ndërkombëtare.

Si rezultat i këtyre projekteve, në Maqedoni janë mbrojtur 13 lloje autoktone dhe globalisht të rëndësishme (delja Pramenka, bleta mjaltësjellëse e Maqedonisë, lopa Busha, bualli i ujit, lloji lokal i mollës (ciganja) dhe dardha (sulia), lakuriqët, trofta e lumit e Maqedonisë, qeni i Sharrit, pula e shtëoisë (argjenta).

Janë realizuar disa projekte nga mbrojtja dhe menaxhimi me rajonet me rëndësi globale (Kanjoni i Matkës, Burimet në Vevçan, Ujëvarat e Smolarit) , më pas promovimi i biçikletës si mjet për transport publik dhe formim të sistemit të parë për marrje me qira të biçikletave në Shkup.

Është promovuar edhe prodhimi i parë i biodiselit nga vaji i mbetur bimor që shfrytëzohet 100 për qind në motorët disel të makinave bujqësore në Maqedoninë lindore.

Rezultatet janë vërejtur nga projektet për promovimin e efikasitetit energjetik dhe për burime ripërtëritëse të energjisë në reth 40 objekte edukative.

Me realizimin e projekteve, është parandaluar djegia e reth 30 për qind të mbeturinave plastike nga Maqedonia juglindore në atë mënyrë është parandaluar lëshimi i emisioneve të dioksineve në ajër.

Sipas saj, politikat e mira nacionale janë kyçe, por çdo ndryshim pozitiv së pari ndodh në nivel lokal. **ab/hr/13:52**

**Lajm** [Lagjja e Trimave, edhe 8 familje marrin nga 100 mijë denarë]

Lajm

# Lagjja e Trimave, edhe 8 familje marrin nga 100 mijë denarë

Para 16 ore e 12 minuta

Madhësia:



Qeveria e Maqedonisë në mbledhjen e fundit të saj ka shqyrtuar informata dhe ka vendosur që edhe tetë familjeve t'u jepet kompensimi material që u bë si pasojë e luftimeve të fundit të Kumanovës. Sipas informacioneve të para bëhet fjalë për 100.000 denarë në famijle.

Në mbledhjen e fundit po ashtu është dhënë dritë jeshile që 26 familjeve t'u paguhet qiraja mujore në bazë të numrit të anëtarëve.

Është miratuar edhe vendimi i Ministrisë së Ekologjisë për të financuar tërësisht ndërtimin e rrjetit të ri të kanalizimit në lagjen e trimave.

Deri më tani qeveria ka ndarë mjete financiare fillestare për 130 familje, ku çdo familje ka marrë nga 100.000 denarë. Gjatë incidentit në Kumanovë u dogjën dhe u dëmtuan gjithsej 87 shtëpi.

## Tetovasot [Qeveria ndanë edhe për 8 familje nga Kumanova nga 100 mijë denarë]

Sot qeveria ka ndarë për 8 familje ndihma prej 100 mijë denarë dhe për 26 familje ka miratuar vendim për ...

## Утрински весник- *Лазарополци разочарани од судот, продолжуваат со активностите*

УТРИНСКИ весник

### ЛАЗАРОПОЛЦИ РАЗОЧАРАНИ ОД СУДОТ, ПРОДОЛЖУВААТ СО АКТИВНОСТИТЕ



**Не застануваме, напротив ќе ја продолжиме правната битка со која ќе докажеме дека Владата донесе незаконска одлука, велат во Лазарополе**

**Киро Кипроски**

Гостивар - Разочарани од Уставниот суд на Македонија, кој се прогласи за ненадлежен и ја отфрли иницијативата на Здружението на поранешните жители на село Лазарополе од Скопје, но истовремено цврсто решени да ја продолжат правната битка со која сакаат да докажат дека Владата донела незаконска одлука. Ова е ставот на Здружението и на месната заедница во село Лазарополе, не помина нивното барање Уставниот суд да ја укине Одлуката на Владата, донесена во јануари годинава, која се однесуваше за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште во атарот на с. Лазарополе, за изработка на урбанистички план вон населено место за изградба на викенд населба.

Во образложението за отфрлање на иницијативата стои дека Одлуката за давање согласност се однесува на неколку катастарски парцели, кои претежно се ливади и не претставуваат пропис или општ акт по кој би можел Уставниот суд мериторно да одлучува, поради што иницијативата е отфрлена.

„Не се помируваме со одлуката на Уставниот суд, не застануваме, напротив ќе ја продолжиме правната битка со која ќе докажеме дека Владата донесе незаконска одлука спротивно на Уставот и на законите во Македонија. Кои активности ќе ги преземеме ќе одлучиме откако ќе ја добиеме одлуката на Уставниот суд“, вели Андо Стојкоски, претседател на МЗ с. Лазарополе. Тој најавува дека деновиве ќе одржат повеќе состаноци на кои ќе ги договорат нивните активности.

„Ние сме во право и ќе и' докажеме на Владата дека незаконски пренаменуваат околу 44 хектари земјоделско земјиште сопственост на Дебарско-кичевската епархија на МПЦ-ОА и на индивидуални сопственици, имот купен со пари спечалени на печалба, во градежно земјиште, што се наоѓа во строго заштитена зона на Националниот парк 'Маврово' “, вели Стојкоски.

Митрополитот г. Тимотеј, надлежен архиереј на Дебарско-кичевската епархија на МПЦ-ОА, е категоричен дека нема да продаде или да се откаже ниту од педа црковен имот. Вели дека со сите легитимни средства ќе се бори да го сочува имотот на епархијата, на црквите и манастирите, кој беше создаван со векови од македонскиот народ.

Обжалената и оспорувана одлука на Владата се однесува за изградба на викенд населба со 300 куќи, два хотели и хелиодром во с. Лазарополе.

Според екологистите, ако се реализира овој проект ќе биде катастрофален не само за с. Лазарополе, туку и за целиот мијачки крај, односно на Мала Река. Не само што ќе се нарушат природните убавини и реткости кои опстојуваат со милениуми, туку овој регион ќе ја изгуби вредноста, уникатноста и самостојноста. Нема да биде тоа што е денес, привлечен за љубителите од земјата и странство на недопрената природа, и од година в година е се' повеќе посетуван.

Граѓанската иницијатива „Заштитата на убавините во Лазарополе“ доби масовна поддршка од жителите на Мијачијата, екологистите, но и од многу граѓани во цела Македонија и поширокиот балкански регион.